**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Седумнаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 25.11.2019 година

Скопје, ноември 2019 година

З А П И С Н И К
од Седумнаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 25.11.2019 година

Седницата започна во 11:15 часот, во Клубот на органите на управата, сала 6.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; и членовите: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата присуствуваа и: Весна Блажески-Синадинова (замена за Анѓелина Бачановиќ); Маргарита Матлиевска (замена за Јасна Мандиќ); Бојан Јовановски (замена за Елизабета Божиноска); Тања Хафнер Адеми (независен експерт); Виктор Митевски (Здружение на млади аналитичари и истражувачи-ЗМАИ); Флорија Латифи-Малоку (Кабинет на претседателот на Република Северна Македонија); Александра Крстевска (Национален демократски институт- НДИ) и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записниците од четиринаесеттата седница, одржана на 27.8.2019 година, петнаесеттата седница, одржана на 24.9.2019 година и шеснаесеттата седница, одржана на 28.10.2019 година

1. Извештај од учеството на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во својство на набљудувачи

2. Извештај од процесот на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

3. Нацрт-Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проектите во РСМ

4. Нацрт-План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

5. Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија

6. Номинирање на претставник од граѓанскиот сектор за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро

7. Вклучување на граѓанските организации во иницијативи и подготовка на закони поврзани со климатски акции

8. Прашања и предлози

*

*   *

Советот едногласно и без забелешки ги усвои записниците од четиринаесеттата седница, одржана на 27.8.2019 година, петнаесеттата седница, одржана на 24.9.2019 година и шеснаесеттата седница, одржана на 28.10.2019 година.

## Точка 1

Фани Каранфилова-Пановска во однос на прватa точка од дневниот ред потсети дека Советот детално дискутираше за овие процеси на претходната седница.

Членовите на Советот се изјаснија дека внимателно го разгледале Извештајот од учеството на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на граѓански здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во својство на набљудувачи, подготвен од Јане Чаловски и Љупчо Петковски, и ги поддржуваат препораките содржани во него.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа и усвои Извештајот од учеството на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на граѓански здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во својство на набљудувачи.

## Точка 2

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека согласно заклучоците од 16.седница на Советот беше формирана Работна група за утврдување предлог-приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средствата, која се состана на 1.11.2019 година и утврди десет приоритетни цели за финансиска поддршка, по што следеше консултативен процес со граѓанските организации.. Информираше дека беа организирани три консултативни средби во Скопје, Битола и Штип на кои учествуваа 58 претставници на граѓански организации и ги сподели добиените одговори од online прашалникот кој беше дистрибуиран до 6.740 граѓански организации, а имаше за цел да придонесе за утврдување на потребите за финансиска поддршка на граѓанскиот сектор, преку транспарентен и инклузивен процес на консултации со граѓанските организации. Во продолжение образложи дека врз основа на целокупниот консултативен процес утврдени се седум предлог-приоритетни цели за Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година и ги образложи измените во однос на основните организациски критериуми, потребните документи и посебните програмски критериуми за проценка на квалитетот на проектите.

Сабина Факиќ истакна дека Владата треба да работи во интерес на граѓаните и поради тоа предвидените 12.000.000 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ги оцени како недоволни за развојот на граѓанските организации. Предложи да се дефинира дали средствата ќе се доделуваат на ниво на приоритети или на ниво на прворангирани организации од комплетна ранг листа, да се размисли за можноста апликациите по Јавниот повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2020 година да се доставуваат по електронски пат, како и да се разгледа идејата за објавување на финансиските извештаи на здруженијата кои добиле финансиска поддршка на веб-страницата на Одделението. Сузана Никодијевиќ-Филиповска појасни дека од следната година ќе се применува електронскиот систем на централно управување со документи во архивата со што целосно ќе биде загарантирана безбедноста на целокупната документација од јавните повици, а финансиските извештаи ќе бидат јавно достапни на веб-страницата на Одделението.

Ели Чакар истакна дека Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, во недостаток на друг критериум може да користи како основа за доделување на бодови за рамномерен регионален развој, но да се има во предвид дека истата не е адресирана за оваа намена. Ирена Цветковиќ предложи дополнителни бодови за рамномерен регионален развој да добиваат сите организации кои дејствуваат во регионите надвор од Скопје.

Сафет Незири потсети дека пред две години е формиран Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и предложи да се додаде нова приоритетна цел која ќе гласи: „Зајакнување на капацитетите на заедниците за спречување на насилен екстремизам и радикализам“. Лилјана Јоноски и Ана Чоловиќ-Лешоска појаснија дека членовите на работната група при дефинирањето на приоритетните цели се придржувале до Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година.

Фани Каранфилова-Пановска имаше неколку забелешки во однос на Извештајот од процесот на консултации. Истакна дека треба да се промени критериумот за регистрација на организациите од најмалку една година пред објавувањето на огласот и да се издвои буџетот на организациите како посебен критериум. Упати забелешка на целокупниот процес на консултации, имајќи предвид дека граѓанските организации очекувале за 2020 година да биде предвиден поголем износ на средства за финансиска поддршка.

Јане Чалоски оцени дека консултативниот процес бил многу обемен и дека истиот треба да се гледа со позитивна конотација, бидејќи се издејствувани позитивни промени во однос на претходните години.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорача да се одржи уште еден состанок на Работната група за утврдување на предлог-приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средства, на кој ќе бидат земени во предвид забелешките од дискусијата на седницата.

## Точка 3

Фани Каранфилова-Пановска објасни дека Нацрт-Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти во РСМ има за цел да даде пресек и јасна слика за тоа како ментално се одбиваат овие процеси и од неа произлегуваат препораки како истите да се подобрат и реформират. Дополнително, појасни дека за подготовка на Нацрт-Анализата ангажирани се експерти, извршени се консултации со фокус група од неколку граѓански организации (Македонскиот центар за меѓународна соработка–МЦМС, Здружението Конект, Полио Плус-движење против хендикеп, Центарот за европски стратегии – Евротинк, Здружението на граѓани Х.Е.Р.А. и Младински образовен форум (МОФ), користени се податоците добиени од органите на државната управа, од локалните заедници (40 општини), како и податоци добиени од Трезор во кои за првпат јавноста има увид во начинот на кои се планираат и исплаќаат овие средства. Оцени дека финансиски средства наменети за граѓанските организации има доволно во Буџетот, но за жал процесите не се транспаренти граѓанските организации немаат увид според кои програми и критериуми се доделуваат и како се вршела евалуација. Дополнително додаде дека Нацрт-Анализата ќе подлежи на широки консултации со граѓанските организации, потоа повторно ќе биде разгледана на седница на Советот и во својата финална верзија ќе се предложи за седница на Владата на Република Северна Македонија.

Тања Хафнер информираше дека на оваа Анализа се работело долго и макотрпно, бидејќи од страна на 10 институции добиени се обемни материјали на 122 страници, во различни формати со податоци кои барале дополнителна обработка и анализа. Помеѓу првите заклучоци кои произлегуваат од Анализата е дека податоците добиени од органите на државната управа се разликуваат во околу 50% со податоците добиени од Трезор, дека институциите не секогаш ја користат буџетската ставка 463 која е наменета за трансфери до невладини организации, туку честопати ја користат 464 – разни трансфери како и други ставки, како институциите ги разбираат јавните повици и дека системот онака како што е поставен моментално не гарантира доволна транспарентност. Генералните препораки кои произлегуваат од Анализата се однесуваат на целокупна реформа на системот на финансирање, со посебен осврт на двата специфични видови на финансирање: институционална поддршка и кофинансирање на европски грантови, кои како такви се несоодветно поставени и недоволни, како и зголемување на средствата наменети за финансиска поддршка на граѓанските организации, со таргет да изнесуваат 30% од вкупните приходи на граѓанските организации до 2023 година. Во однос на Кодексот за добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, анализата предвидува негово унапредување и прераснување во задолжителен акт кој ќе предвидува стандард за соодветен механизам за планирање на средства во ставката 463. Специфичните препораки кои произлегуваат од Анализата се однесуваат на институционални грантови и измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри и предвидување во него на дополнителни средства за поширок круг на граѓански организации, како и

потребата за формирање на независен Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и кофинансирање на ЕУ-проектите, како независен орган формиран со посебен закон од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Виктор Митевски додаде дека во консултации со колеги од Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација донеле заклучок дека законските можности за ваква институција во сеганиот систем ќе даде многу ограничувања и токму затоа се јавува потребата да се предвиди ваков Фонд кој нема да се финансира од Буџетот и ќе има јасна структура која ќе биде мешана и ќе биде формирана врз основа на широки консултации со јавноста. Во однос на вработените во Фондот, идејата е да бидат ангажирани професионални кадри кои ќе работа под пофлексибилни услови на работа од административните службеници и за нив ќе се применува Законот за работни односи. Во однос на податоците од Трезор, укажа на прикажаната состојба и дискрепанците со известувањата на институциите за финансирање на граѓанските организации. Исто така се осврна врз генералното работење на Трезорот со укажување дека истото вака поставено не е добро организирано и неопходно е негово реформирање. Анализата покажала дека вкупните средства за граѓански организации во однос на Буџетот на централно ниво изнесува околу 0,40%, а на локално ниво 1,17%. Бројките покажале дека дури 60-70% од средствата наменети за финансирање на граѓанските организации завршиле кај 30-тина организации, додека пак низок износ на средства завршил кај огромен број на граѓански организации. За крај, истакна дека Анализата е добра основна која треба да послужи за понатамошни дискусии и дека мошне значајно е да се спроведат широки консултации на оваа тема со активно вклучување на членовите на Советот и институциите, бидејќи на тој начин се отвораат прашања кои досега не биле размислувани.

Сабина Факиќ го потенцираше својот скептицизам во врска со формирање на независен Фонд кој ќе се соочи со низа проблеми. Според неа, неопходна е јасна слика за тоа каде се клучните проблеми и системски да се влезе во реформирање на процесите. Потсети дека недостигаат механизми за мерење на ефектите од средствата наменети за инвалидски здруженија согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска истакна дека подготвената анализата е важна за Одделението за соработка со невладини организации, кое во соработка со Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор ќе постапи по забелешката за не совпаѓањето и нецелосните податоци со кои располагаат министерствата и ќе ги испита причините за тоа, а како позитивен го посочи процентот од буџетските средства наменети за граѓанските организации (0,8% од БДП) што е поголем споредено со просекот на земјите во регионот. Препорача по завршување на консултативниот процес со граѓанските организации и пред доставување на Анализата во владина постапка да се направи подетална проценка на фискалните импликации од формирањето на Фондот и изворите за финансирање.

Бојан Јовановски се осврна на Нацрт-Анализата оценувајќи ја како базична основа за понатамошни консултации, која прави пресек на состојбите за тоа во кои институции колку средства се исплаќале, за кои намени и по кои критериуми. Меѓутоа според него методолошки врз основа на оваа анализа не може да произлезат препораки

за формирање на независен Фонд за институционални грантови и кофинансирање на ЕУ проекти.

Ели Чакар предложи средствата од Буџетот со кои располага Генералниот секретаријат наменети за граѓанските организации да се користат за институционална поддршка на здруженијата, а во ресорните министерства да се предвидат за специфичните намени.

Гордана Гапиќ-Димитровска истакна дека важно е анализата да покаже дека целта за формирање на Фонд е оправдана, односно аргументирана согласно податоците опфатени во неа.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Нацрт-Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проектите во РСМ и оцени дека истата претставува добра основа за понатамошни широки консултации со граѓанскиот сектор.

**<u>Точка 4</u>**

Сабина Факиќ извести дека во Нацрт-Планот за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се развиени алатки за комуникација од страна на членовите на работната група и предложи во интерес на времето да се договорат за начинот на консултација со граѓанските организации. Појасни дека е потребно да се организираат најмалку две консултации или работилници за да се доразвие планот на комуникација и да се обезбеди јавна поддршка за работата на Советот.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Одделението за соработка со невладини организации нема технички можности за користење на социјалните медиуми за презентирање на работата на Советот и потсети за член 11 од Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, каде е регулирано дека „Претседателот на Советот ја информира јавноста за работата на Советот“. Исто така, укажа дека во Планот за комуникација треба да биде содржан дел за комуникација на членовите на Советот од редот на граѓанските организации со организациите во секторот што го претставуваат (информирање и застапување).

Ели Чакар додаде дека треба да се искористи секоја можност за афирмирање на работата на Советот и предложи заклучоците од секоја седница да се доставуваат до сите министерства, со цел истите да се инволвираат во работата на Советот.

Фани Каранфилова-Пановска истакна дека треба да се обезбеди визибилитет за работата на Советот, да се обезбедат процедури и стандарди за споделување на информациите и линкување.

Христина Конеска-Беровска предложи сите членови уште еднаш да го разгледаат Нацрт-Планот за комуникација на Советот и да се договорат за краток брифинг со новинари.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа првиот Нацрт-План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.
2. Се задолжуваат членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во рок од 10 дена да достават писмени коментари на текстот на Нацрт-Планот, кои ќе бидат земени во предвид од страна на Работната група пред организирање на консултативен процес со граѓанските организации.
3. Се задолжуваат членовите на Работната група за изработка на План за комуникација на Советот, по завршување на консултативниот процес, во јануари 2020 година, да подготват и до Советот да достават Предлог-План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

## Точка 5

Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија, подготвен од страна на работната група формирана од членови на Советот има за цел да даде придонес во уредување на работата и надлежностите на преговарачката структура, како и да ги претстави ставовите на граѓанските организации за начинот на кој ќе учествуваат во различните фази на пристапните преговори. За подготовка на Предлог-моделот работната група консултирала помеѓу 50-60 претставници на граѓанските организации.

Фани Каранфилова-Пановска информираше дека работната група го изготвила Предлог-моделот во април оваа година, а на почетокот на септември се состанеле и со одговорните институциите кои начелно го подржале текстот на документот. Воедно, нагласи дека Предлог-моделот е подготвен согласно актуелната методологија за пристапување на земјите кон ЕУ и доколку се реализира најавуваната промена на методологијата Предлог-моделот би требало да се ревидира согласно новите правила.

Предлог-модел има за цел да ги дефинира улогата и начинот на вклучување на претставниците на граѓанските организации во пристапните преговори; принципите на вклучување и на работа на претставниците на граѓанските организации во пристапните преговори; начинот на претставување на граѓанските организации во пристапните преговори; комуникацијата и отчетноста на претставниците на граѓанските организации во пристапните преговори;регистрацијата, номинацијата и изборот на претставниците на граѓанските организации во пристапните преговори; како и правата и обврските на претставниците на граѓанските организации во пристапните преговори.

Христина Конеска-Бероска додаде дека неопходно е организирање на широки консултации за ревидирање на постоечкиот документ.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се го разгледа Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија и заклучи ова прашање повторно да се актуелизира во првата половина на 2020 година.

**Точка 6**

Ана Чоловиќ-Лешоска ги информираше присутните за текот на процесот на номинирање на претставник од граѓанскиот сектор за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро, дека биле подготвени критериуми кои треба да ги исполнуваат кандидатите и дека до членовите на мрежата граѓански организации од областа на животната средина што ги координира здружението Еко-свест електронски бил доставен повик за номинирање на кандидат со времетраење од 5 дена, истакнувајќи дека во предвидениот рок пристигната е само една апликација која ги исполнува критериумите.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја номинираше Александра Бујароска од Еколошкото здружение на граѓани Фронт 21/42 за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро.

**Точка 7**

Во однос на вклучување на граѓанските организации во иницијативи и подготовка на закони поврзани со климатски акции, Ана Чоловиќ-Лешоска по електронски пат извести дека по ова прашање има развој на настаните и граѓанскиот сектор добил официјални покани да се вклучи во законските процеси, па поради тоа не е потребна реакција од страна на Советот.

**Точка 8**

Советот ја разгледа Листата за евиденција за присуство/отсуство на членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и констатираше дека поради отсуство од три седници на Советот во текот на една година, им престанува членувањето во Советот на членовите: Андријана Велевска од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ од Министерство за здравство; Мимоза Богданоска-Јовановска од Македонско научно друштво Битола, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје. Ели Чакар истакна дека според неа потребно е да се промени ставот во Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор кој предвидува престанок на членувањето поради отсуство од три седници во текот на една година, во насока на зголемување на ефикасноста на Советот.

Софија Кузмановска ги покани присутните да учествуваат на Свеченото доделување на Националната награда во 2019 година за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија, на 2 декември 2019 година, со почеток во 10:30 часот, во хотел Холидеј Ин.

Фани Каранфилова-Пановска предложи да се контактираат членовите на граѓанските организации кои Советот ги номинираше во работни групи во текот на 2019 година за да подготват Извештај за работа за 2019 година.

Јане Чалоски побара да се најде начин за регулирање на предвременото напуштање на седниците на Советот во насока на зголемување на ефикасноста на истиот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор констатира дека согласно член 9 став 1 алинеја 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, поради отсуство од три седници на Советот во текот на една година, се исполнети условите за престанување на членување во Советот на Андријана Велевска од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ од Министерство за здравство; Мимоза Богданоска-Јовановска од Македонско научно друштво Битола, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да изработи писмен допис со кој Советот ќе се обрати до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за здравство за номинирање на нови членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од овие институции.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви и да објави Јавен повик за избор на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓанските организациите во областите „Наука, образование и доживотно учење“, „Заштита на маргинализираните лица“ и „ЕУ интеграции и политики“, како и да се повтори повикот за областа „Медиуми и информатичко општество“, поради тоа што немаше пријавени кандидати.
4. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да ги контактира членовите на граѓанските организации кои биле номинирани од Советот во работни групи во текот на 2019 година со цел истите да подготват Извештај за работа за 2019 година.

Седницата заврши во 15:40 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска и Елпида Петковска
Контролирала; Сања Савовска конто
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска